# Повик

5 милиони Европеј*ки/ци заеднички го креваат гласот:

## Против национализмот
## За соединета Европа

## Сабота
## 13.10.2018

Сакаме Европа на слободата и мирот. Наместо тоа, повторно му се придава значење на национализмот. Нетолерантноста се распространува. Омразата станува погласна, насилството посекојдневно. Стравот од Другиот, од туѓинецот, се распламтува и се преобразува во политички капитал. Викот по силни мажи се огласува. Корупцијата ги поткопува општествата. Уставноста еродира. Социјалните придобивки и тешко изборените права се загрозени. Слободата и мирот веќе не се подразбираат сами по себе.

**Време е да се заземе став!**

Во сабота, 13 октомври 2018 сакаме на улиците и на плоштадите да изнесеме 5 милиони Европеј*ци/ки, кои заеднички ќе го кренат гласот против национализмот, а за соединета, демократска и солидарна Европа.

**Организирајте се!**

Организирајте митинзи во сабота на 13.10.2018 во 14 часот (СЕВ) во сите градови на Европа – не само во земјите членки на ЕУ. Здружете се: претставници на граѓанското општество, здруженија, верски заедници, НВО-и, уметници, граѓан*и/ки ... Многу сме! Ајде да го покажеме тоа на 13.10. Гласно и јасно!

Информирај се редовно на:
**www.13-10.org**

Доколку сакате да организирате митинг во вашиот град или сакате активно да помогнете во организацијата:

Информирајте се на www.13-10.org
Ние од 13-10.org ќе пуштиме во употреба интернет страница, која на карта на Европа ќе ги покажува сите настани на 13.10. и ќе нуди директни линкови до националните организатори. Ние ги координираме активностите на социјалните мрежи и онлајн ќе ви понудиме графички изглед и обрасци за рекламен материјал, флаери и летоци.